*Република Северна Македонија*
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 57-508/3
07 јуни 2023 година
**С к о п ј е**

Врз основа на член 75 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 87/21) генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија донесе

## ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН
### за јавни набавки во 2023 година на Собранието на Република Северна Македонија

Годишниот план за јавни набавки во 2023 година на Собранието на Република Северна Македонија заведен под арх. бр. 57-508/1 од 31.01.2023 година и Измена и дополнување на годишен план за јавни набавки во 2023 година на Собранието на Република Северна Македонија заведен под арх. бр. 57-508/2 од 23.05.2023 година, во делот I – Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки по точката 51 се додава нова точка 51а.

| Ред. бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ЗПЈН | Вид на договор | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки** | | | | | | |
| 51а. | Набавка на резервен дел компресор за поправка на каналски клима уред | 42123300-0 | Стоки | Набавки од мала вредност | 200.000,00 | Јуни | Дополнувањето на ГПЈН е согласно барањето од Секторот за технички работи заведено под арх.бр. 03-3046/1 од 05.06.2023 година |

**Генерален секретар,**
Цветанка Иванова

**Изработил:** Вања Ралев
**Контролирал:** Александра Л.Трифунов
**Одобриле:** Јасмина Которчевиќ  Лидија Ѓатовска

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Собранието на Република Северна Македонија има склучено Договор за јавна набавка на услуги за сервисирање и одржување на опрема и инсталација за климатизација, вентиконвекторски систем за греење и ладење и клима уреди со Друштво за производство, промет и сервисирање КОНТКАТ 2000 СЕРВИС ДООЕЛ Скопје, како носител на набавка. Во договорот за оваа јавна набавка предвидени се одреден број на резервни делови но не и резервниот дел кој што е предмет на проширување на Планот за јавни набавки.

Имено, согласно извршена дефектажа на сплит системите кои го ладат просторот околу УПС-от на Објектот од страна на носителот на набавка со кој што Собранието има тековен договор, утврдено е дека компресорот на еден од сплит системите е неисправен и мора да биде заменет со нов. Од причина што ваква ставка во договорот не е предвидена а се работи за ставка со многу висока цена и не е можна примена на член 6 од договорот, од страна на Секторот за технички работи се предложи дополнување на Планот за јавни набавки со еднократна јавна набавка на истоиментиот резервен дел (барање заведено под арх бр. 03-3046/1 од 05.06.2023 година).